**20161423434**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став 1 алинеја 8 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА, КАДРИТЕ, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИ ПОТВРДИ ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ И ПРОБНИ ТАБЛИЦИ ОД СТРАНА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА И НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ПУШТААТ ВОЗИЛА НА ПАЗАР, ДОКОЛКУ ИЗДАВААТ ПОТВРДИ ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ И ПРОБНИ ТАБЛИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови во однос на просторот, опремата, кадрите, формата, содржината и начинот на водење на евиденција за издадени потврди за пробно возење и пробни таблици од страна на правните лица овластени за вршење на технички преглед на возила и на правните лица кои пуштаат возила на пазар, доколку издаваат потврди за пробно возење и пробни таблици.

Член 2

(1) Правното лице за вршење технички преглед на возила треба да има просторија осветлена со дневна светлина, со природно или вештачко (со вентилациони уреди) проветрување, во која има простор за пристап на странките и простор за опремата од членот 4 од овој правилник.

(2) Покрај просторијата од ставот (1) на овој член, правното лице треба да има соодветно обезбедена, односно заштитена помошна просторија (магацин) за складирање на потврди за пробно возење и пробни таблици, во непосредна близина на просторијата од ставот (1) на овој член.

Член 3

(1 )Правното лице кое пушта возила на пазар, доколку издава пробни таблици и потврди за пробно возење, за вршење на работите на издавање пробни таблици и потврди за пробно возење треба да има:

-посебна просторија согласно членот 2 од овој правилник или

- соодветен простор во рамките на објектите каде врши продажба на возила, кој ги исполнува условите пропишани за посебната просторија од членот 2 од овој правилник.

(2) Покрај просторијата од ставот (1) алинеја 1 на овој член, правното лице кое пушта возила на пазар треба да има соодветно обезбедена, односно заштитена помошна просторија (магацин) за складирање на потврди за пробно возење и пробни таблици, во непосредна близина на просторијата од ставот (1) алинеја 1 на овој член.

Член 4

Правното лице за вршење технички преглед на возила и правното лице кое пушта возила на пазар, доколку издава потврди за прбно возење и пробни таблици, треба да има опрема, и тоа:

- работна маса (пулт, шалтер, биро);
- метална каса;

- дополнителна метална каса за складирање на потврдите за пробно возење и пробните таблици;
- телефонска врска;
- опрема за канцелариско работење и
- информатичка опрема и софтверска апликација што овозможува поврзување со автоматската евиденција на регистрирани возила во Министерството за внатрешни работи и интернет конекција од најмалку 1 mb/s.

Член 5

Правното лице за вршење технички преглед на возила и правното лице кое пушта возила на пазар, доколку издава потврди за пробно возење и пробни таблици, треба да има вработено лице кое освен општите услови за засновање на работен однос ги исполнува и следните услови:
- да има завршено средно образование и
- да има потврда (сертификат) за основни познавања од областа на информатиката.

Член 6

(1) Евиденцијата што ја води правното лице за вршење технички преглед на возила и правното лице кое пушта возила на пазар за издадените потврди за пробно возење и пробни таблици, ги содржи следните рубрики:
- реден број;
-име и презиме на сопственикот на возилото/назив на правно лице сопственик на возилото;
- регистарски број на пробна таблица;
- сериски број на потврда за пробно возење;
- вид, марка,тип на возило;
- број на шасија на возилото;
- број на полиса за извршено задолжително осигурување;
- осигурителна компанија од која е издадена;
- датум на издавање и важност на потврдата за пробно возење;
- потпис на службеното лице и
- забелешка.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води во хартиена форма.

Член 7

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за поблиските услови во однос на просторот, опремата и кадрите за правните лица за регистрација на возила и правните лица кои пуштаат на пазар возила доколку издаваат пробни таблици („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/09 и 13/13).

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува по 30 дена од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 1311-45643/1
26 јули 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.